РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1492/6
27-08-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-1492/1 од 13.05.2025 година оформен против службеното лице -------, член на Советот на општина ----- и В.Д. директор на ЈЗУ Клиничка болница ---, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК заклучи дека не е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, бидејќи е настаната и промена на фактичката состојба.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапката по предметот со број 09-1492/1 од 13.05.2025 година е започната по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 07.05.2025 година, согласно член 17 став (1) точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија врши проверка во Административната алатка ја евидентира и следи имотната состојба и интересите на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето ------, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на Советот на општина ----во исто време ја врши и функцијата В.Д. директор на ЈЗУ Клиничка болница ----, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето -----, ДКСК се обрати со писмен допис барање на податоци и информација до општина ----. Општина ----- ја извести ДКСК преку писмен допис со прилог Решение за престанок на мандатот на член на Советот за лицето ------ донесено на седница на Совет на општина ----- бр.08-4928/1 од 15.08.2024 година.
Исто така, ДКСК се обрати со писмен допис, барање на податоци и информација до Министерство за здравство, за да го прибави актот за именување или разрешување од наведната функција. Министерството за здравство до ДКСК достави писмен допис каде известува дека лицето ----- сеуште ја извршува функцијата в.д директор, именувано со Решение за именување вршител на должноста на медицински директор во Јвната здравствена установа Клиничка болница ---- со бр.11-6181/1 од 01.08.2024 година.

По анализа на добиената документација и утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека лицето ------- не го прекршил член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно лицето извршува една функција како именувано лице.

ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај по што одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ. – член на ДКСК